## Духовна порака

# МАМО , ЗОШТО ПЛАЧЕШ!

Едно момче ја прашало својата мајка :
”Зошто плачеш?”
“Затоа што сум жена.” – му одговорила таа.
“Не разбирам.” – рекло момчето.
Мајката само го прегрнала и кажала : ” Никогаш и нема да разбереш.”Подоцна го прашало својот татко : “Зошто мама плаче без причина ?”“Сите жени плачат без причина” – било единственото што таткото можел да му каже. Момчето пораснало, станало маж и сеуште се прашувало зошто жените плачат. Тој се обратил кон Бога и го прашал : “Боже, зошто жените толку лесно се расплакуваат ?” Бог му одговорил :“Кога ја создавав жената мораше да биде посебна.
И дадов раменици, доволно јаки за да ја носат сета тежина на овој свет, а сепак доволно нежна да може да пружа утеха. И дадов внатрешна сила, да го поднесе раѓањето и одбивањето кое често пати го добива од своите деца.
И дадов цврстина која и овозможува да оди напред кога сите ќе се откажат, и да се грижи за своето семејство во период на болести и неволји без приговор.
И дадов чувствителност за да ги сака своите деца без оглед на сè, дури и ако нејзиното дете многу ја повредило.
И дадов сила да го носи својот маж низ неговите грешки и ја сочинив од неговото ребро за да го штити неговото срце. И дадов мудрост за да знае дека добриот маж никогаш не би ја повредил својата жена, ама дека повремено ја тестира нејзината сила и одлучност постојано да биде покрај него. И најпосле, и дадов солзи за да се исплаче. Тоа е само нејзино на користење кога и да и затреба. Гледаш сине мој, убавината не е во облеката која ја носи, во нејзиното тело, или во начинот на кој се чешла.” Убавината на жената мора да се види во нејзините очи, бидејќи тоа е влезот во нејзиното срце – место каде што е љубовта. Затоа почитувани, не прашувај „зошто мамо плачеш„ туку цени ја и почитувај ја!!!

## Здрава храна

### ЛЕКОВИТОСТА НА ЛЕНЕНОТО СЕМЕ

Во последниве неколку години објавени се многу информации за лековитото дејство на лененото семе. Истражувањата се повеќе се насочуваат кон истражување на улогата на ова семе во превенција и лечење на бројни дегенеративни болести..Клиничките испитувања и искуства покажаа дека редовното земање на ленено семе ги спречува и глекува следниве болести : рак на дојката, простатата, дебелото црево, белите дробови, итн. Ленено семе содржи 27 различни анти-канцерогени компоненти, од кои едната е лигнин. Тоа содржи 100 пати повеќе лигнин и од најдоброто интегрално зрно. Ниедно досега познато растение ги нема овие исти својства.

ЈА СМАЛУВА ТЕЛЕСНАТА ТЕЖИНА

Лененото семе е одлично за смалување на тежината затоа што тоа брзо го снижува нивото на холестерол во крвта. Помага во контрола на телесната тежина и го смалува чувството на глад затоа што содржи големи количини на диетски влакна – има пет пати повеќе од овие влакна од оризот. Ако сакате да ослабете, земете една лажица повеќе, и тоа во попладневните часови.

ОРГАНИ ЗА ВАРЕЊЕ

Превенира или лечи рак на дебелото црево. Идеално е за тврда столица, желудечни киселини, ја влажни и обновува цревната флора. Помага во ослободување на гастритични гасови. Одличен лаксатив, ги елиминира токсините. Во големи количини ги содржи двете врсти на диетски влакна – и растворливи и нерастворливите. Содржи повеќе влакна од повеќето житарици.

НЕРВЕН СИСТЕМ

Луѓето кои конзумираат ленено семе не се нервно напнати туку смирени. Тоа е идеално за луѓе кои работат под стрес. Ги подобрува менталните функции кај постарите луѓе. Лененото семе е доза на енергија за мозокот затоа што содржи хранливи материи кои на природен начин ги обновуваат мозочните клетки.

КАРДИОВАСКУЛАРЕН СИСТЕМ

Идеално е за лечење на артериосклероза затоа што го елиминира холестеролот кој се “залепил” на ѕидовите, помага кај мултипл склероза, коронарна тромбоза, висок артериски притисок, срцева аритмија, спречува згрутчување на крвта. Редовното конзумирање на ленено семе го смалува ризикот од кариоваскуларни болести.

Една од посебните особини на лененото семе е тоа што содржи тагландин, кој го регулира крвниот притисок и функцијата на артериите, исто така игра важна улога во метаболизмот на калциумот и во енергијата.

ДИЈАБЕТИС

Редовно конзумирање на лененото семе помага при контрола на нивото на шеќер во крвта.

ВИТАЛНОСТ

Еден од најзначајните показатели на подобрување при употреба на лененото семе е зголемувањето на снагата и виталноста. Лененото семе има особина да го забрза метаболитичкиот коефициент и дејство на енергијата на клетките. Мускулите се регенерираат од умор после физички вежби.

---

***Начин на употреба* :** Две супени лажици ленено семе дневно, смелено и додадено во овошен сок, јогурт, бело кафе или супа (чорба). Може да го конзумираат сите, без разлика на животната доба (како и трудниците).

**http://jadizdravo.com/proizvodi/leneno-seme/**


## Месечно гласило

**Христијанска - адвентистичка Црква- Битола-Прилеп**

**Ул. Пеце Матичевски број 37 Битола**

*- излегува двапати месечно или по потреба -*

**Уредник-** ***Томе Трајков***

**Мај бр. 56/ 2015**



**Контакт информации**

Телефон на црквата
+389 (47) 224-758
**Моб.** 070 239-072; 077 732-712
**Емаил:**
tometrajkov@gmail.com
**Skype: tome.trajkov3**


**Гласилото излегува двапати месечно или по потреба и служи за информации на верниците и пријателите за животот и работата на Христијанската адвентистичка црква во Битола и Прилеп. Гласилото повремено превзема информации и материјали и од други гласила. Ве повикуваме да ни пишувате и да ни испраќате ваши информации или материјали за нашето и Ваше Гласило. Од уредникот!**



### Актуелно

## ПРОЛЕТЕН СОБОР ВО КАВАДАРЦИ

На **9 мај 2015** година во салата на Домот на културата во Кавадарци под мотото ,,Господ е крепост моја и песна, Тој ми е Спасител“ се одржа пролетен младински собор за верниците од Македонија. На соборот присуствуваа поголем број на верници и пријатели од цела Македонија заедно со своите проповедници. Главен гостин на соборот беше Јанош Ковач-Биро, секретар при Транс- европското одделение од Лондон кој се обрати до присутните со духовна порака. Во попладневниот дел од службата присутните имаа можност да слушнат повеќе христијански песни, порака од Библијата и извештај за работата на Здравствените Клубови во Прилеп, Кавадарци и Скопје. Соборот беше убава прилика да се дружат верниците меѓусебе, да споделат свои искуства и да заеднички го прослават својот Спасител и Господ Исус Христос! (**Томе Трајков**)

## Капки на мудрост

& Само големите играчи знаат колку чинат малите потези ...
& Оној што е пријател секому не е пријател никому.
& Тишината понекогаш е најгласниот одговор.
& Прво ќе ти се смеат, потоа ќе те игнорираат, па ќе се борат против тебе, и на крајот ќе победиш.
& Песимистот се жали на ветрот; оптимистот очекува да се смени; реалистот ги приспособува едрата.
& Убавото лице ќе остари, заводливото тело ќе исчезне еден ден, но добриот човек, ќе остане засекогаш добар!
& Се додека ја има главата на рамената, за човек ништо не е изгубено.
& Оние кои никогаш не го менуваат мислењето, повеќе се сакаат самите отколку вистината.
& Љубовта што се одржува од подароци, секогаш е гладна
&Ако човек на својот животен пат, не склопува нови пријателства, наскоро ќе се најде сам и напуштен.

## Информации

1. Редовни богослуженија секоја **сабота** со почеток во **9.30** часот во црквата во **Битола** а во **Прилеп** во **9.00** часот.
2. Ги постетуваме верниците кои имаат долг за литература истата можат да ја платат кај повереницете за литература.
3. Секоја **среда** навечер во малата сала на **ХАЦ Битола** се одржуваат библиски интерактвини предавања со почеток во **18.00** часот. Предавач : **Томе Трајков**
4. На **5 мај 2015** година во рамките на емисијата на ТВ Шутел **,,Доброто ќе го победи злото,,** настапија во контактна емисија Џемшит Хајдар од Шуто Оризари, Миланче Пендев од Кавадарци, и Томе Трајков од Битола со темата :,,Зошто се мачиме? Зошто не сме среќни денес“? Водител беше Маја Кушевска од Скопје.
5. Од печат неодамна излезе нова книга со наслов **,,Секој е нормален додека не го запознеш“**! Цената е **200** денари и истата може да се набави кај повереникот за литература.
6.На **9 мај 2015 година** во салата на **Домот на културата во Кавадарци** се орржа пролетен младински собор под мотото,, Господ е крепост моја и песна, Тој ми е Спасител,, на кој присуствуваа поголем број на верници и пријатели од Македонија.
7. На **23 и 24 мај 2015** година во црквата Влае, во Скопје ќе се одржи семинар: **,,Избор на брачен другар**“. Предавач и говорник м-р **Давид Бибуловиќ** од Офенбах-Германија.
8. Библиски предавања на **ТВ Шутел** секој вторник (**од 3 март**) со почеток во **18.00** часот. Линк за гледање на емисијата на вашиот компјутер: http://sutel.com.mk/

# ГЛАСИЛО НА ХРИСТИЈАНСКАТА АДВЕНТИСТИЧКА ЦРКВА БИТОЛА-ПРИЛЕП

**БОГ И ТЕБЕ ТЕ САКА**






**Слика 1** Настап на ТВ Шутел во Емисијата ,,Доброто ќе го победи злото“-Маја, Џемшит, Миланче и Томе Трајков.
**Слика 2** Дел од присутните на пролетниот собор што се одржа во салата на Домот на културата во Кавадарци на 9 мај 2015 година.